ОПШТИНА ПЕХЧЕВО
ЈАВНО КОМУНАЛНО
ПРЕТПРИЈАТИЕ
"КОМУНАЛЕЦ"
Бр. 02-487/2
17.08.2021 год.
ПЕХЧЕВО

Врз основа на одредбите од член 1, член 13 од Методологијата за определување на тарифите за водни услуги (Сл. весник на РМ бр.63/2017 и бр.172/2018), член 19 од Законот за јавни претпријатија (Сл. весник на РМ бр. 38/1996; 9/1997; 6/2002; 19/2002; 40/2003; 49/2006; 22/2007; 83/2009; 97/2010; 6/2012; 119/2013; 41/2014; 138/2014; 25/2015; 61/2015; 39/2016; 64/2018 и Сл. весник на РСМ бр. 275/2019), член 13 од Законот за утврдување на цени на водни услуги (Сл. весник на РМ" бр.7/2016), Решението за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈКП "Комуналец" Пехчево за регулиран период 2022 - 2024 година УП1 бр.08-104/21 од 26.07.2021 година на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија и член 14 од Статутот, Управниот одбор на ЈКП "Комуналец" – Пехчево, на седницата одржана на ден 17.08.2021 година ја донесе следната:

# **О Д Л У К А**
## **за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈКП "Комуналец"- Пехчево за регулиран период 2022-2024 година**

### **Член 1**

Тарифите за услугата снабдување со вода за пиење или водоснабдување што ЈКП "Комуналец" - Пехчево ја врши одделено по категории на корисници, донесена врз основа на Решението за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈКП "Комуналец"- Пехчево за регулиран период 2022-2024 година УП1 бр. 08 – 104/21 од 26.07.2021 година на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија, изнесува:

1. За регулиран период 2022-2024 година, се утврдува тарифа на услугата снабдување со вода за пиење на физички лица и тоа:

   - За 2022 година во износ од 30,08 ден/м$^3$ + 53,05 ден/месечен фиксен надоместок
   - За 2023 година во износ од 30,68 ден/м$^3$ + 53,05 ден/месечен фиксен надоместок
   - за 2024 година во износ од 31,66 ден/м$^3$ + 53,05 ден/месечен фиксен надоместок

2. За регулиран период 2022-2024 година, се утврдува тарифа на услугата снабдување со вода за пиење на правни лица и тоа:

   - За 2022 година во износ од 54,15 ден/м$^3$ + 74,28 ден/месечен фиксен надоместок
   - За 2023 година во износ од 53,70 ден/м$^3$ + 74,28 ден/месечен фиксен надоместок
   - за 2024 година во износ од 53,82 ден/м$^3$ + 74,28 ден/месечен фиксен надоместок

На овие тарифи ќе се пресметува +5% ДДВ и +2% надоместок за користење на вода.

### **Член 2**

Оваа одлука влегува во сила по добиена согласност од Советот на Општина Пехчево и објавување во Службен гласник на општина Пехчево.

*О б р а з л о ж е н и е*

Врз основа на одредбите од членовите 1, 2, 11 и 13 од од Методологијата за определување на тарифите за водни услуги (Сл. весник на РМ бр.63/2017 и 172/2018),член 19 од Законот за јавни претпријатија (Сл. весник РМ бр. 38/1996; 9/1997; 6/2002; 19/2002; 40/2003; 49/2006; 22/2007; 83/2009; 97/2010; 6/2012; 119/2013; 41/2014; 138/2014; 25/2015; 61/2015; 39/2016; 64/2018 и Сл. весник на РСМ бр. 275/2019), член 11 и член 13 од Законот за утврдување на цени на водни услуги (Сл. весник на РМ" бр.7/2016), Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија донесе Решението за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈКП "Комуналец"- Пехчево за регулиран период 2022-2024 година УП1 бр.08 – 104/21 од 26.07.2021 година.

ЈКП,,Комуналец"- Пехчево при одредување на конечната верзија на тарифа согласно законската можност ја избра оваа тарифа, водејќи се при тоа од интересите на крајните корисници.

Со оваа тарифа се очекува да бидат покриени минималните оперативни трошоци и амортизација на сопствените основни средства на ЈКП "Комуналец"- Пехчево како давател на водната услуга.

Врз основа на погореизнесеното Управниот одбор се одлучи како во диспозитивот на Одлуката.

Управен одбор на
ЈКП ,,Комуналец" - Пехчево
Претседател
Ванчо Мустачки

17.08.2021 година
Пехчево